**Локална агенција за развој Струга**

ул. Владо Малески Тале 6б
6330 Струга
www.ldastruga.org






# 2011












ЛАР
ЛОКАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА РАЗВОЈ СТРУГА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# МИСИЈА, ВИЗИЈА И КЛУЧНИ ВРЕДНОСТИ

**ЛАР-Струга** е граѓанска организација која се стреми кон подобрување на квалитетот на животот на жителите на општина Струга и регионот преку поддршка на локални граѓански иницијативи, етаблирање на нови одржливи форми на туризам, зајакнување на дијалогот и соработката помеѓу различните етнички заедници, организирање на културни настани, стимулирање на локални бизниси и промовирање на волонтеризмот.

Преку соработка со различни актери од Македонија и соседните држави, ЛАР ќе придонесе за создавање одржливи решенија за севкупниот развој на општина Струга и регионот.

ЛАР Струга ги застапува универзалните принципи за одржлив социо-економски развој, социјално вклучување на ранливите групи, родова рамноправност, меѓуетнички дијалог и соработка и заштита на животната средина.



# ДОЛГОРОЧНИ ЦЕЛИ

- ✓ Поддршка на локални иницијативи за подобрување на квалитетот на животот воЈугозападниот регион на РМ.
- ✓ Поддршка на развојот на туризмот како главна стопанска гранка и стратешки развоен приоритет на Општина Струга;
- ✓ Обезбедување на помош и поддршка на младите, жените, повозрасните лица и нивна социјална интеграција;
- ✓ Зајакнување на меѓуетничкиот дијалог и соработка во Струга и соседните општини
- ✓ Поддршка на развојот на мали и микро бизниси во Струга и соседните општини како и стимулирање на земјоделците за органско производство на храна.
- ✓ Зголемување на видливоста и градење позитивна перцепција во јавноста за ЛАР и невладиниот сектор;
- ✓ Зајакнување на капацитетите на ЛАР.

# ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ

## ПРОГРАМА:

## *Меѓуетнички дијалог и соработка*

Програмата има за цел да промовира толерантна заедница,полна со доверба којашто ја вреднува својата разновидностпреку подобрување на локалните капацитети, организирањеинституционални и неформални активности. Програмата истотака ги јакне и унапредува меѓукултурниот дијалог и соживотпомеѓу младите од различни етнички заедници во Струга ијугозападниот регион.

Во текот на 2011 година во рамките на оваа програма ги реализиравме следниве 4 проекти: „Немој“, „Различноста-мост, а не бариера“,„Интерационален кошаркарски камп за млади“ и втората фаза од проектот„Единство во различноста”












## Проект: *„Немој!“*

| | |
|---|---|
| **За проектот** | Дискриминацијата врз основа на пол, етничка и верска припадност е посебно изразена во руралните средини во општина Струга. Жителите, многу често не ја препознаваат дискриминацијата како негативна појава. Предрасудите се дел од традицијата и согласно на тоа и дискриминацијата е општо прифатена и не се осудува. Децаат кои растат во овие средини, ги прифаќаат дискриминативните модели на однесување и созреваат без воопшто да ја преиспитаат исправноста на нивните ставови. Главната цел на овој проект е да им се помогне на жителите од руралните средини од општина Струга да научат да ја препознаваат дискриминацијата и да развијат позитивни начини на справување со истата. Младите луѓе да созреат во комплетни личности кои предрасудите ги заменуваат со емпатија и кои ќе знаат како да ја застапуваат правдата, еднаквоста и човековите права. |
| **Временска рамка** | јули 2011 – ноември 2011 |
| **Соработници** | » Основните училишта од руралните средини во општина Струга;<br>» Хелсиншки Комитет – Скопје;<br>» Комисија за односи меѓу заедниците - Струга. |
| **Резултати** | » Одржана обука на тема „Дискриминација и Човекови Права“ со 20 претставници од руралните средини;<br>» Напишани 4 сценарија кои обработуваат различни форми на дискриминација и адаптирани за куклен театар;<br>» Изработени 4 сцени за куклен театар и 20 кукли кои се поклонети на 4 основни училишта:„Браќа Миладиновци“ од Струга, Драслајца, Лабуништа и Радолишта;<br>» Изведени 11 театарски претстави во Вевчани, Драслајца, Мороишта, Франгово, Октиси, Делогожда, Заграчани, Радолишта, Лабуништа и Струга;<br>» Изработено ДВД со снимките од куклените претстави и објавени на www.facebook.com/ldastruga |
| **Поддржано од** | » Канцеларијата на Високиот комесаријат за човекови права и Програмата за развој на Обединетите Нации „Да им помогнеме на заедниците заедно“, финансиски поддржана од владата на Шпанија преку фондот за остварување на Милениумските развојни цели. |

## Проект: *„Различноста – мост, а не бариера“*

| | |
|---|---|
| **За проектот** | Во последната деценија во Струга, стана очигледно дека разновидноста сама по себе не е причина за конфликтот, туку нетолеранцијата и заблудите за “другите”.Кога разликите на локалните заедници ќе успееме да ги доживееме како предност дури тогаш ќе постигнеме единство, зголемување на свеста и почитување на вредностите на “другите”култури. Токму овој проект има за цел да им помогне на локалните заедници во надминувањето на предрасудите засновани врз етничката припадност и религија.Целна група се младите уметници, претставници од невладиниот, јавниот и бизнис секторот од општина Струга. |
| **Временска рамка** | април 2011 – септември 2011 |
| **Соработници** | » Комисијата за односи меѓу заедниците од општина Струга |
| **Резултати** | » Зголемена доверба, толеранција и почит помеѓу етничките заедници<br>» Зајакнати капацитетите на членовите на Комисијата за односи меѓу заедниците<br>» Воспоставени нови партнерства помеѓу различните групи на граѓаните во Општината<br>» Организиран Мултиетнички Летен Арт Камп во Крушево со 25 учесници<br>» Припремена и прикажана театарска претстава „И нештото почна од ништо“ со посетеност над 300 луѓе<br>» Потпишана Декларација за Мир и Толеранција |
| **Поддржано од** | » Центар за Институционален Развој-Скопје, преку програмата на ЦИВИКА Мобилитас, финансиски поддржано од Швајцарска Агенција за соработка и развој. |





## Проект: *„Интерационален кошаркарски камп за млади“*

| | |
|---|---|
| **За проектот** | Главна цел на проектот е да ги инспирира младите од различни етнички групи од општина Струга дасоработуваат на заеднички активности, да ги развиваат лидерските и комуникациските вештини. |
| **Временска рамка** | Јули – Септември 2011 |
| **Соработници** | Младински кошаркарски клубови:<br>» „Црн Дрим 007“ и „Струга 2009“ од Струга |
| **Резултати** | » 8 млади од 16-18 години учествуваа на интернационален кошаркарски камп во Црна Гора во месец август 2011<br>» Дизајниран и објавен видео спот за кошаркарската екипа од Македонија<br>» 25 млади присуствуваа на обука за лидерски и комуникациски вештини |
| **Поддржано од** | » Амбасада на САД во Македонија |

## Проект: *„Единство во различноста“- втора фаза*

| | |
|---|---|
| **За проектот** | Општина Струга е многу чувствителна мултиетничка средина. Секојдневниот живот е оптоварен со многу предрасуди и недостаток од меѓуетнички дијалог. Успешната имплементација на проектот „Единство во Различноста“ придонесе граѓаните да ги надминат овие предрасуди и да ја зголемат меѓусебната толеранција и доверба. Исто така, се зајакнаа капацитетите на Комисијата за односи меѓу заедниците бидејќи сите активности се имплементираа заеднички со нивните членови. |
| **Временска рамка** | октомври 2010 – март 2011 |
| **Соработници** | » НВО „Еко–Вел” |
| **Резултати** | » Организиран 5 дневен мултиетнички камп со 25 учесници од средните училишта, граѓанскиот и бизнис секторот во февруари 2011;<br>» Организиран натпревар за најдобра фотографија „Единство во различноста –Струга”<br>» Организирани два културно забавни настани во соработка со локалните кафе-барови во Струга во март 2011 |
| **Поддржано од** | » УНДП – Програма за развој на Обединетите Нации |

## ПРОГРАМА:

# *Родова еднаквост и социјално вклучување*

Оваа програма е создадена за да го помогне остварувањето на Милениумските развојни цели преку овозможување на подобар и еднаков пристап за социјално маргинализирани групи.Нашата главна цел е да се развијат проекти за социјална интеграција на жените, старите и лицата со посебни потреби.Овие ранливи групи се посебно чувствителни на постоечките проблеми како сиромаштијата, невработеноста, недостиг на програми за доживотно и неформално образование.

Во текот на 2011 година во рамките на оваа програма реализиравме 3 проекти:првата фаза од „Женска прекугранична соработка за промена“, втората фаза од„Зајакнување на капацитетот на локалните институции при спречување на семејното насилство,“ и „Обуки за лидерство и зајакнување на капацитетите на ранливите групи.“







## Проект: *„Женска прекугранична соработка за промена“ - прва фаза*

| | |
|---|---|
| **За проектот** | Главната цел на проектот е да се овозможи и забрза социјалната интеграција на жените кои долго време се невработени и на младите жени кои штотуку излегле на пазарот на труд и живеат во руралните и урбаните делови на прекуграничниот регион Македонија – Албанија. Ова ќе го постигнеме со зајакнување на капацитетите на жените за вработување преку обуки за лидерство и менаџмент, студиски патувања и прекугранични средби. Активностите од овој проект ќе придонесат за зајакнување на прекуграничната соработка на три нивоа.Првото ниво е соработка меѓу граѓанските организации.Второто ниво е воспоставување на соработка директно помеѓу жените - учеснички.Третото ниво е институционално ниво – ќе постигнеме соработка помеѓу претставниците од јавните институции во двата града со тоа што ќе им овозможиме да присуствуваат на прекуграничните конференции и студиски патувања.На овој начин ќе се запознаат меѓусебно и ќе можат да остварат взаемна соработка во иднина и на други активности. |
| **Временска рамка** | април 2011 – април 2012 |
| **Соработници** | » НВО „Уне Груаја“ Поградец |
| **Резултати** | » Зголемена свест кај јавноста и институциите кои ги третираат социјалните прашања и проблематиката на социјалната исклученост и сиромаштијата во која живеат невработените жени. Едукативна кампања преку телевизија, радио и друштвени мрежи.<br>» Зајакнување на лидерските вештини и зголемување на личните знаења и способности на жените учесници како помош при нивната поголема интеграција во општеството. Обучени 35 жени кои можат да бидат компетитивни на пазарот на трудот<br>» Зголемување на соработката и контактите помеѓу жените од пограничниот регион. Организирани 2 студиски патувања (во Албанија и Македонија) и 10 прекугранични средби меѓу партнер организациите. |
| **Поддржано од** | » Европската Унија;<br>» Германско друштво за интернационална соработка (GIZ). |

# Проект: *„Зајакнување на капацитетот на локалните институции при спречување на семејното насилство“ – втора фаза*

| | |
|---|---|
| **За проектот** | Главна цел на проектот е: зајакнување на капацитетите на Координативните тела за борба против семејно насилство; фасилитирање на процесот за развивање на Протокол за соработка помеѓу релевантните интитуции што работат на оваа проблематика; креирање механизми за борба против семејно насилство и формирање Комисија за превенција од семејно насилство. Очекуваното влијание врз локалните заедници во општините Струга, Охрид и Вевчани е: да се зајакнат капацитетите на Координативните тела за борба против семејното насилство; да се формира мрежа на клучни локални актери кои го третираат проблемот на семејното насилство; да се разменат искуства; да се зајакне соработката и да се развијат идеи за рано детектирање и превенција. |
| **Временска рамка** | мај 2010 – септември 2011 |
| **Соработници** | Комисии за еднакви можности од Струга, Охрид и Вевчани |
| **Резултати** | » Креиран анимиран прирачник за млади на тема превенција од семејнонасилство<br>» Спроведување медиумска кампања<br>» Доставување заклучоци и препораки до локалните самоуправи на Струга,Охрид и Вевчани<br>» Организиран настан „Да излеземе заедно од темнината“ во рамките на националната кампања против семејното насилство |
| **Поддржано од** | » УНФПА – Фонд за популација на Обединети Нации во рамките назаедничкиот проект за борба против семејното насилство |





# Проект: *„Обуки за лидерство и зајакнување на капацитетите на ранливите групи“*

| | |
|---|---|
| **За проектот** | Главна цел на проектот е да се дизајнираат и спроведат еднодневни и повеќедневни обуки кои се наменети за индивидуалци од различни возрасти кои сакаат да ги освестат и зајакнат нивните лидерски вештини, да стекнат контрола врз својот живот, да бидат поефективни и да почнат да создаваат подобри односи со другите. Овие обуки се наменски, специјално создадени за припадниците на ранливи групи: жени, млади, невработени и стари лица од општина Струга, Вевчани и Охрид. |
| **Временска рамка** | септември 2010 – декември 2011 |
| **Соработници** | » Американски центар Струга,<br>» Општина Вевчани,<br>» Црвен крст–Охрид,<br>» Средните училишта „Ибрахим Темо“ и „Нико Нестор“ од Струга |
| **Резултати** | » Одржани 4 дводневни обуки за 70 невработени лица од општините Охрид, Струга и Вевчани<br>» Одржани 12 еднодневни обуки на тема лидерство, тимска работа, комуникациски вештини, разрешување конфликти, стереотипи и предрасуди за 40 средношколци од Општина Струга<br>» Одржани 10 еднодневни обуки за фотографија за 20 средношколци<br>» Изработени серија од 12 разгледници на тема „Струга-места, моменти и лица“. Автори на разгледниците беа самите средношколци<br>» Одржан Форум „Учете од најуспешните“ на кој група жени од бизнис заедницата ги презентираа нивните искуства пред невработени девојки од општина Струга, Охрид и Вевчани |
| **Поддржано од** | » Фондација Фридрих Еберт-Скопје,<br>» Фондација Бизнис Стартап Центар Битола<br>» Локална Агенција за Развој-Струга. |

# *Зајакнување на капацитетите*

Тимот на ЛАР Струга, во текот на 2011 година активно учествуваше на 50 обуки, семинари и конференции.Дел од обуките се однесуваа на зајакнување на личните капацитети на членовите на ЛАР.

Во почетокот на 2011 ЛАР ангажираше уште еден нов член на тимот кој ќе работи на развој на проекти за млади. Во втората половина на 2011 ЛАР прими и волонтер од Мировен Корпус кој ќе волонтира  до 2013година.

## Студиски патувања

» 21-34 Март 2010, Брисел

**„Во одбрана на женските права“** - ЕУ Програма Луѓе за луѓе;

» 21 Март –14 Април 2010, Израел

**„Модели за одржлив развој“**- Израелската агенција за соработка за меѓународен развој и Хебрејскиот Универзитет од Ерусалем ;

» 25-29 Мај 2011

**“Контакти за заедничка иднина”** – Фондација Фридрих Еберт,Младински сојуз Крушево и Младински Унеско клуб Солун;

» 20– 28Октомври 2010, Ада, Србија,

**“Справување со невработеноста кај младите преку обуки за зајакнување, волонтерство и претприемништво”,** ЕУ Млади во акција;

» 28Октомври – 6 Ноември 2011 Раденци, Словенија

**“Фокусирај се – насочи ги твоите зраци” -** ЕУ Млади во акција, Порака Нова Струга, МЕК Белград и Центар за помош на млади лица Словенија.

» 12-14 Ноември, Стразбург

**„ Форум за Граѓански организации“-** Совет на Европа





## Односи со јавноста

Во 2011 година, ЛАР ја обнови својата веб страна и отвори Facebook, Twitter , Youtube и Script профили на кои редовно ги објавува своите настани. ЛАР Струга во своето долгогодишно работење има воспоставено добри односи со дописниците на националните медиуми и сите локални медиуми (ТВМ, НТВ, ТВМорис, Охрид Њуз, Радио Охрид, Супер Радио, Бисер Радио, ТВ Калтрина, Алсат,Коха, Струга Портал, Дојче Веле). Истите редовно доаѓаат на нашите проектни активности и ја известуваат јавноста за текот на реализацијата.

## Организација

Локалната агенција за развој (ЛАР) во Струга е основана во јануари 2004 година како дел од проектот „Локално управување за одржлив економски и човечки развој“ (Кластерот на УНДП за Децентрализација и добро управување). Во рамките на своето 7 годишно работење ЛАР има спроведено 32 проекти со проектен буџет од околу 410 илјади евра. ЛАР располага со целосно опремена канцеларија од 50м² во центарот на Струга.

## *Структура на ЛАР Струга*



## » Женска прекугранична соработка за промена



## » Обуки за лидерство и зајакнување на капацитетите наранливите групи



## » Различноста - мост, а не бариера



## » Единство во различноста

